Дневни сценарија по музичко образование 3 одделение Март

| содржини (и поими) | стандарди за оценување | часови и дата на реализација | сценарио за часот | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| Музички игри (пеење, играње, танцување, оро, марш, валцер и дурги популарни танци во дводелен, триделен и нерамноделен такт, игри на етничките заедници кои живеат во РС Македонија и од други народи во светот, елементи на балет). | Пее и се движи во соодветен ритам во музичките игри | 1 | **Воведни активности – активирање на предзнаењата:**<br>Учениците играат музичка игра: Се поставуваат столчиња за едно помалку од бројот на ученици. Се пушта музика, учениците слободно се движат по музиката околу столчињата. Кога музиката ќе сопре сите седнуваат на столчињата. Еден ученик нема место за седнување и тој излегува од играта, а со него се трга и едно столче. Победник е оној кој ќе остане последен. Се запознаваат со целта. (5 мин.)<br>**Главна активност – искуствено учење:**<br>Учениците се запознаваат со содржината на песната: https://youtu.be/UgEZzu6ErDY Златно Славејче: Ајде<br>Ги координираат движењата со музиката и содржината на песната. Го доживуваат темпото. Внесуваат израз во изведбата на движењата. (20 мин.)<br>**Завршна активност – изведување аклучок:**<br>Учениците ликовно ја илустрираат содржината на песната и ја презентираат пред соучениците. (10 мин.)<br>**Рефлексија:**<br>Што правевме денес? Како се чувствувате? Дали активно учествувавте во музичките игри? Каде ги применувате музичките игри?...<br>(Прашањата наставникот може да ги менува и да ги прилагоди како би добил реална слика за совладаноста на поставените стандарди) (5 мин.) | уреди за репродукција на аудио- и видеозаписи (ЦД и ДВД-уред, хај-фај уред, ТВприемник, компјутер со пристап до интернет, квалитетни звучници, ЛЦД-проектор, паметна (смарт) табла); столчиња | - усните одговори на прашањата поставени од наставникот или од соучениците;<br>- индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри);<br>- практичната изведба во група. |

АЈДЕ

Е-о-и-а-ааа ...

Ајде, заедно да пееме

ајде, цел ден да се смееме

раце креваме до небо

ѕвезди да собереме

заедно ко секогаш

да се радуваме

Ајде, заедно да славиме

ајде, журка да направиме

ко што ние ќе посакаме

да биде сиот свет

децата на прво место

да се знае ред

Реф: Силно да викаме,

сите да ги викнеме

па да се смееме

Снежана Тренчева

resursi.literatura.mk

Дневни сценарија по музичко образование 3 одделение Март

| содржини (и поими) | стандарди за оценување | часови и дата на реализација | сценарио за часот | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| Видови музика (класична музика, музика за деца, музика од анимиран филм, народна музика, композитор) | Наведува најмалку еден композитор на класичната музика. | 1 | **Воведни активности – активирање на предзнаењата:**<br>Наставникот на мали листови запишува неколку наслови на композиции и композитори од претходно слушаните примери (вклучително и од прво и второ оделение) од класичната музика. (Пример: Вивалди: Четири годишни времиња, Хајдн: Детска симфонија, Чајковски: Оревокршачка - Кинески танц...). Запишаните наслови се ставени во торбичка, или кутија. Учениците извлекуваат наслов, го читаат и го запишуваат или поставуваат на табла. По извлекувањето на сите запишани композиции и композитори се поведува разговор: Што е заедничко за композициите? На кој вид музика припаѓаат? Што е композитор? Се запознаваат со целта. (10 мин.)<br>**Главна активност – искуствено учење:**<br>Се игра играта „Музичка меморија“. Наставникот демонстрира аудио и видео снимки од карактеристични делови од композиции од класичната музика, а учениците препознаваат за која композиција се работи и се обидуваат да го погодат името на авторот (за класична музика), и го запишуваат. (https://www.youtube.com/watch?v=rDdcw_p3eJg- Чајковски: Лебедово езеро - Танцот на малите лебеди (вовед во балет) https://www.youtube.com/watch?v=cXEy_UfSgCU Сен-Санс: Лебед https://www.youtube.com/watch?v=GRxofEmo3HA – Вивалди: Четири годишни времиња...(Примери на композиции кои можат да бидат користени при реализација на содржината) (20 мин.)<br>**Завршна активност – изведување аклучок:**<br>Учениците својата омилена композиција ја изразуваат преку цртеж и ја презентираат. (5 мин.)<br>**Рефлексија:**<br>Што правевме денес? Што научивте? Како се чувствувавте? Дали наведувате барем еден композитор на класичната музика? ... (Прашањата наставникот може да ги менува и да ги прилагоди | уреди за репродукција на аудио- и видеозаписи ( компјутер со пристап до интернет, квалитетни звучници, ЛЦД-проектор, паметна (смарт) табла);<br>табла/хамер<br>маркер/креда<br>блок<br>прибор за пишување, боење | - усните одговори на прашањата поставени од наставникот или од соучениците;<br>- индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри);<br>- практичната изведба во група. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | како би добил реална слика за совладаноста на поставените стандарди) (5 мин.) | | |



resursi.literatura.mk

Дневни сценарија по музичко образование 3 одделение Март

| содржини (и поими) | стандарди за оценување | часови и дата на реализација | сценарио за часот | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| Песни и броеници во опсег до1 - си1 | Пее одреден број песни за деца и народни песни во опсег до1-си1 со правилен пејачки став и правилно дишење.<br>Пее со другите во група со усогласено темпо, динамика и ритам. | 1 | **Воведни активности – активирање на предзнаењата:**<br>Учениците се воведуваат во техниката „5 Зошто“. Наставникот поставува прашање: Зошто ја сакам пролетта? Учениците одговараат (пример: Затоа ште е прекрасна.). Зошто е прекрасна? (Затоа што е расцветана.). Зошто е расцветана? ...По завршувањето со учениците се дискутира за промените кои се случуваат во годишното време пролет. Се запознаваат со целта. (5 мин.)<br>**Главна активност – искуствено учење:**<br>Учениците се распејуваат со основната скала и со кратки вежби за распејување. Наставникот заедно со учениците обработува песна по слух. Се запишува насловот на песната на табла: „Пролет“. Се чита текстот и со учениците се разговара за содржината на песната и се објаснуваат непознатите зборови. Следи ритмичко изговарање на зборовите со јасна и чиста дикција и точно акцентирање на одредени слогови. Учениците ја учат мелодијата заедно со текстот по фрази и поголеми целини. На крај песната се пее целосно со интерпретациски елементи: динамика, темпо, карактер, фразирање. Се внимава на правилно дишење и поставеност на телото.<br>https://www.youtube.com/watch?v=4YFwnu2qihQ Поточиња: Пролет (20 мин.)<br>**Завршна активност – изведување аклучок:**<br>Учениците креативно ги искажуваат чувствата од обработената песна преку цртеж, преку стихови или преку кореографија. Кореографијата ја осмислуваат учениците. Може да биде со усогласени движења или слободно танцување. (10 мин.)<br>**Рефлексија:**<br>Што учевме денес? За што се зборува во песната? Со каков | уреди за репродукција на аудио- и видеозаписи (компјутер квалитетни звучници, ЛЦД-проектор)<br>хартија во боја<br>прибор за пишување, боење | - усните одговори на прашањата поставени од наставникот или од соучениците;<br>- индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри);<br>- практичната изведба во група. |

Пролет

Студ и мраз се зад нас зима помина

Кокиче и качунка веќе никнаа

Еве штркот дојде и гнездото му стои

И ветре развигор се зелено бои

Еве пролет дојде и сонце пак не грее

Детски џагор слушам и песничка се пее

На, на, на, на, на, на пролетта ни дојде



Снежана Тренчева

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | карактер е песната? Дали ја научивте сите?... (Прашањата наставникот може да ги менува и да ги прилагоди како би добил реална слика за совладаноста на поставените стандарди) (5 мин.) | | |

**„5 ЗОШТО“**

Со почетно прашање: Зошто ја сакам пролетта?

| ЗОШТО? | | | ЗАТОА ШТО |
|---|---|---|---|
| 1 | Зошто ја сакам пролетта? | | |
| 2 | | | |
| 3 | | | |
| 4 | | | |
| 5 | | | |

Дневни сценарија по музичко образование 3 одделение                    Март

| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови и дата на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
| --- | --- | --- | --- | --- | --- |
| Детски ритмички и мелодиски инструменти (ритмички стапчиња, барабан, тропалки, триангл, чинели, дајре, тапани во различни големини, кастањети, гонг, чинели, ксилофон, маракас, металофон, мелодика, блок флејта/шупелка) | Правилно применува музички изразни компоненти (брзина, јачина, траење, артикулација) при свирење на детски ритмички и мелодиски инструменти | 1 | **Воведни активности – активирање на предзнаењата:**<br>Пред учениците се ставени детски ритмички и мелодиски инструменти (ритмички стапчиња, барабан, тропалки, триангл, чинели, дајре, тапани во различни големини, кастањети, гонг, чинели, ксилофон, маракас, металофон, мелодика, блок флејта/шупелка). Ги именуваат, опишуваат, ги делат во две групи: римички и мелодиски. Се запознаваат со целта. (5 мин.)<br>**Главна активност – искуствено учење:**<br>Наставникот им објаснува за правилната позиција на прстите при свирење на инструментите, како и за правилната примена на музичките изразни компоненти (брзина, јачина, траење, артикулација)<br>(Пример: Блок флејта/шупелка. Учениците го следат објаснувањето од страна на наставникот за музичкиот инструмент блок флејта: Дувачки инструмент, направен од дрво или во поново време и од пластика. Може да биде составен од еден, два но и три дела. Во горниот дел кај отворот за уста, цефката е поширока додека надолу постепено се стеснува. На цефката на блок флејтата има седум отвори – дупчиња од горната страна и еден отвор од долната страна. Тонот се добива со дување во цефката на флејтата низ отворот за устата. За добивање на убав тон се дува рамномерно, без напрегање. Со отварање и затварање на отворите се добиваат тонови различни по висина. Со прстите од левата рака се затвораат горните отвори, а со прстите од десната рака долните отвори. Правилното редење на прстите се вика прсторед.<br>Како се свират тоновите:<br>- Затвори ги сите седум отвори и осмиот од долната страна на блок флејтата и ќе го добиеш тонот ДО.<br>- Крени го малото прсте од десната рака и ќе го добиеш тонот РЕ | уреди за репродукција на аудио- и видеозаписи (компјутер квалитетни звучници, ЛЦД-проектор)<br>карти за игра меморија<br>детски ритмички и мелодиски инструменти (металофон, мелодика, блок флејта/шупелка); | - усните одговори на прашањата поставени од наставникот или од соучениците;<br>- индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри);<br>- практичната изведба во група. |




Снежана Тренчева

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
|  | | | - Крени го мрзливецот од десната рака и ќе го добиеш тонот МИ<br>- Крени го средниот прст од десната рака и ќе го добиеш тонотФА<br>- Крени го показалецот од десната рака и ќе го добиеш тонот СОЛ<br>- Крени го мрзливецот од левата рака и ќе го добиеш тонот ЛА ....)<br>Учениците свират на мелодиски инструменти (металофон, мелодика, блок флејта/шупелка и други според можностите и афинитети на учениците) по слух, употребувајќи ја правилната позиција на прстите и основната техника на свирење. (20 мин.)<br>**Завршна активност – изведување аклучок:**<br>Учениците играат игра „Меморија“. Ги сечат картичките од работниот лист. Измешани ги превртуваат на масата. Со броенка се бира ученик кој прв ќе открие две карти. Кога се откриваат картите потребно е на двете карти да е ист музички инструмент. Ако инструментот е ист, истиот ученик открива втор пар карти. Ако инструментот на откриените карти е различен, открива следниот ученик. Победник е ученикот кој ќе открие најмногу исти парови на музички инструменти. (10 мин.)<br>**Рефлексија:**<br>Што правевме денес? Што научивте? Кои се детски музички инструменти? Дали применувате музички изразни компоненти (брзина, јачина, траење, артикулација) при свирење на детски ритмички и мелодиски инструменти? ..... (Прашањата наставникот може да ги менува и да ги прилагоди како би добил реална слика за совладаноста на поставените стандарди) (5 мин.) | | |



resursi.literatura.mk